Милка Докузова
Ана Рафаиловска
Павел Вељаноски

# Алатки за евалуација на јавни простори

## Преглед на јавни простори и студии на случај-Скопје (2018-2023)

Милка Докузова
Ана Рафаиловска
Павел Вељаноски

# Алатки за евалуација на јавни простори

## Преглед на јавни простори и студии на случај - Скопје (2018-2023)

Скопје, ноември 2023

# Содржина


| | | |
|---|---|---|
| 1 | Јавен отворен простор во станбените населби, планирање и управување | 4 |
| 2 | Методологија на истражувањето | 8 |
| 3 | Преглед на изградени јавни отворени простори по општини | 19 |
| 4 | Шест јавни отворени простори - применети алатки | 51 |
| 5 | Заклучоци | 100 |
| 6 | Прашалник | 122 |

# 1. Јавен отворен простор во станбените населби, планирање и управување

Актуелните светски политики за урбаните средини се насочени кон овозможување квалитетно живеење во градовите. Во дискусијата за одлучувачките фактори за добар град, а воедно и одредници за проценка на урбаните состојби, отворените јавни простори се издвојуваат како засебен и мошне значаен елемент. Тие, соодветно на своето присуство, облик и програма, може значително да придонесат за животворноста и отпорноста на градовите.

Процесот на обезбедување на квалитетна животна средина ги засега сите аспекти од животот на граѓаните, а воедно и просторите во кои тие се отелотворуваат, тргнувајќи од примарната активност – домувањето. Категоријата на слободен и отворен простор во станбените населби е екстензија на станот и според повеќе автори (Geddes, Corbusier, Petrovich), од почетокот на XIX век наваму, при конципирањето на станбените комплекси, домувањето треба да подразбере разни активности, престојување и социјализација во природна средина. Отворениот простор го надополнува станбениот, проширувајќи го живеалиштето надвор и наоколу.

Така, според ОЕЦД[1] квалитетот на условите за домување се оценуваат, меѓу другото, со помош на индикаторот „надворешен отворен простор". Појдовната точка е дека домувањето треба да обезбеди и да овозможи прибежиште за човекот, неговото здравје, физичка сигурност, приватност, општествена интеграција, личен развој, рекреација и др., што се обезбедува, како во внатрешниот, така и во надворешниот простор. Согласно ОЕЦД на благосостојбата во резиденцијалниот сектор може поволно

[1]OECD (2021). Housing Policy Toolkit – Synthesis Report

да влијае промовирањето на физичка активност, пешачење и возење велосипед, со цел намалување на загадувањето на воздухот, бучавата и инциденцата на респираторни заболувања; исто така, може да ги намали ефектите од урбаните топлински острови и термичкиот стрес за време на периоди на високи температури. Понатаму, чувството на еднаквост произлегува од бројот и квалитетот на (еколошки, економски и социјални) можности во соседството, додека во населби каде што инфраструктурата на соседството е соодветна и со висок квалитет (наспроти деградираните изградени средини) често се регистрирани намалени стапки на насилство и криминал.

Поимот отворен јавен простор во градовите подразбира широка палета на категории на простори и нивни типологии, но во рамките на станбените комплекси нивната застапеност е подредена на концептот на домувањето, кое ја дефинира нивната програмска разновидност и функционална структурираност. Во рамките на станбените групации најчесто се среќаваат: парковите, зелените скверови, заштитното зеленило, детските игралишта, спортските терени, просторите за социјализација и слично. Често, овие простори претставуваат флексибилни површини кои може да поддржат повеќе од една функција и нивното користење не се врзува стриктно со одредена група на корисници, ами истите се отворени за различни групи на корисници и нивните флуктуирачки потреби.

При планирањето, отворениот јавен простор произлегува од потребите на една или повеќе групи на граѓани со заеднички потреби, бројот на населението и неговата возрасна структура, распоредот на населението во околните станбени капацитети, расположливоста на неизграден простор, расположливите комуникациски врски и можноста за воспоставување на нови, расположливите ресурси на институцијата која управува со конкретните простори, претпоставените идни трансформации на станбената групација и нејзината структура итн.

На територијата на градот Скопје, во рамките на разновидните станбени групации, плански предвидените јавни отворени простори се често со различна зафатнина, програма и опременост. Друга карактеристика на градските општини, а во релација со капацитетите од отворен јавен простор, е тоа што соодносот меѓу бројноста на населението и расположливите површини од јавен карактер често осцилира, а просторите како резултат на истото добиваат повеќе различни функции. Уште една појава која ги поврзува овие простори во различните делови на градот е секако повторливоста на одредена програма, независно од расположливиот простор, како и репликативноста на одредени просторни композиции и опрема.

Потребата од овие простори, нивното димензионирање, позиционирање на територијата на едно соседство, како и нивното опремување, се делумно регулирани. Општините или Град Скопје, кои во соработка со други државни институции ги планираат, управуваат и одржуваат овие простори, во дослух со граѓаните, се задолжени да постапуваат и да го уредуваат просторот за живеење во согласност со актуелните потреби и регулативи. Сепак, во реалноста оваа постапка за уредување на станбената околина, особено при процесите на нејзина трансформација, често резултира со простори кои немаат соодветна програмска сложеност, капацитативно се ограничени, не ги поседуваат соодветните препорачани или пропишани карактеристики, а како резултат на тоа не ја вршат очекуваната функција на прибежиште за околното население.

# 2. Методологија на истражувањето

## 2.1 НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРВАТА ФАЗА ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на ова истражување се јавните отворени простори изградени на територија на Град Скопје, за периодот од 2018 до 2023 година, поконкретно од 30.06.2018 до 30.06.2023 година. Под **јавни отворени простори** се подразбираат сите јавни површини на отворено, кои нудат содржини за сите граѓани или за одредени фокусни групи на корисници. Предмет на оваа анализа се јавните отворени простори во станбените населби со потесен опсег на функции, група од која се исклучени колските сообраќајници со сите свои елементи, освен појасите на заштитно зеленило.

Истражувачката цел е да се утврди интересот кај општините за изградба на нови јавни отворени простори, да се направи преглед на динамиката на нивна изведба, да се согледа начинот на планирање и проектирање на јавни простори, да се направи нивна категоризација во согласност со доминантната програмска активност, да се утврди застапеноста на различните категории по општини, како и квалитативно да се оцени потесен избор (шест) од новоизградените и реконструираните јавни простори. За потребите на истражувањето, направен е хронолошки пресек на сите новоизградени и реконструирани јавни простори во сите 10 општини на територијата на Град Скопје, за период од 5 години. Дополнително, направена е селекција на 6 јавни отворени простори од вкупниот број на попишани и категоризирани јавни простори и истите се предмет на продлабочена анализа во ова истражување, преку тематски прашалници и анкети.

Периодот од 5 години е земен за референтен имајќи предвид дека временската рамка и употребен циклус на материјалите и реквизитите во еден јавен отворен простор е 5 години. Претпоставката е дека во овој период се одвива

нивна оптимална употреба, дека се во состојба на непречено манипулирање и сл., се базира на сознанијата за материјалите кои вообичаено се употребуваат за изведба и опремување на јавните отворени простори на територија на градот Скопје, на културата на користење на јавното добро, како и на степенот и редовноста при одржувањето на овие простори од страна на надлежните служби.

## 2.2 ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

Во првата фаза од истражувањето беа доставени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до сите 10 општини во Скопје, како и до Град Скопје, во кое беа побарани листи од новоизведени или реконструирани јавни простори во периодот од 2018 до 2023 година, на територијата на секоја од општините, соодветно категоризирани по намена и со прецизна локација дефинирана преку бројот на катастарска парцела или улица. Со оглед дека отсуствува усогласено категоризирање на јавните отворени простори кај надлежните институции, за потребите на истражувањето воспоставена е **наменска категоризација на јавните отворени простори** во согласност со доминантната функција, а која е направена со вкрстување на информациите од општините и теренско испитување на постојната состојба. Така во рамките на оваа категоризација се разликуваат:

- детски игралишта
- спортски игралишта
- скверови
- паркови
- пешачки улици
- кровни градини

Дополнителна спецификација е направена согласно развојот на предметниот простор, односно спроведена е поделба на **реконструирани** и **новоизградени** јавни отворени простори. Спецификацијата „реконструиран“ јавен отворен простор ги опфаќа јавните отворени простори, чија материјална состојба била променета, додека програмската се задржала или незначително се видоизменила во однос на претходната. Процесот на реконструкција кај овие простори подразбира: обновени пешачки површини, заменети реквизити, заменета, надградена или нова опрема и сл. Наспроти тоа, „новоизграден“ се однесува на јавните отворени простори, кои подразбираат новооформен јавен простор на отворено, во кој е инкорпорирана нова, обновена, значително различна од првичната или дотогаш непостоечка програма.

Во рамките на првата фаза и како дел од дописничкото истражување, а со цел увид во процесот на планирање и проектирање на овие простори, беше побарана информација за тоа дали општините во истиот период распишале јавен конкурс за изработка на идејно решение за уредување на јавен простор. Во случај на позитивен одговор од нив беше побарано да наведат за кој јавен простор станува збор и дали изведената состојба е во согласност со идејното решение.

Истражувачкиот процес во првата фаза имаше бавен прогрес, имајќи предвид дека само две општини, од вкупно десет, доставија одговор во рамките на законскиот рок од 20 дена, а во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (101/2019). Град Скопје, исто така, се вбројуваше во единиците на локална самоуправа кои не доставија одговор на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер во законски предвидениот рок. Во согласност со член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (101/2019), барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена. Оваа можност беше искористена и беа доставени вкупно 9 жалби, по што преостанатите општини доставија одговор. Дел од општините одговорија конкретно во согласност со поставените прашања, но дел споделија

податоци, кои беа или парцијални или непрецизни. Беше побарано допрецизирање на информациите од 4 општини, но резултатот од оваа фаза повторно не понуди податоци кои можеа директно да се вклучат во истражувачкиот процес и беа подложени на дополнителни проверки. И покрај барањето за појаснување и дополнување на податоците, Општина Карпош, Град Скопје и Општина Сарај не одговорија до крајот на ова истражување (*Табела 1*).

**Табела 1: Преглед на доставени барања и одговори до единици на локална самоуправа (ЕЛС)**

| ЕЛС | Барање (да/не) | Одговор во рок (да/не) | Целосен (да/не) | Појаснување и дополнување | Жалба | Одговор по жалба | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Аеродром | 12.08.2023 | Да | Не | Да (немаат информации) | / | / | / |
| Бутел | 12.08.2023 | Не | Да | Не | 05.09.2023 | 20.09.2023 | / |
| Гази Баба | 12.08.2023 | Не | Да | Да (одговорено) | 05.09.2023 | 05.09.2023 | Повлечена жалба |
| Ѓорче Петров | 12.08.2023 | Не | Да | Не | 05.09.2023 | 19.09.2023 | / |
| Карпош | 12.08.2023 | Не | Не | Да (не е одговорено) | 05.09.2023 | 25.09.2023 | Повторна жалба* |
| Кисела Вода | 12.08.2023 | Не | Не | Да (немаат информации) | 05.09.2023 | 14.09.2023 | / |
| Сарај | 12.08.2023 | Не | Не | Да (не е одговорено) | 05.09.2023 | 29.09.2023 | / |
| Центар | 12.08.2023 | Не | Не | Да (одговорено) | 05.09.2023 | 07.09.2023 | / |
| Чаир | 12.08.2023 | Не | Да | Не | 05.09.2023 | 22.09.2023 | / |
| Шуто Оризари | 12.08.2023 | Да | Да | Не | / | / | / |
| Град Скопје | 14.08.2023 | Не | Не | Да (не е одговорено) | 05.09.2023 | 04.10.2023 | Повторна жалба* |

Информациите кои недостасуваа и/или за кои дел од општините се изјаснија дека не ги поседуваат, беа прибирани по пат на вкрстена проверка, користејќи ги јавно достапните информации на Агенцијата за катастар за недвижности, објавите на официјалните веб-страници на општините и Град Скопје, информациите достапни на платформата Google Maps, како и преку теренска проверка на оние јавни простори за кои не можеше со сигурност да се утврди состојбата, категоризацијата и точната локација. Дополнителни информации, како што е податокот за годината на изведба на секој од попишаните јавни простори беше извлечен од разни објави во медиуми кои се однесуваат на активностите на општините. За дел од јавните простори, претежно лоцирани на периферијата на градот Скопје, не можеше да се обезбеди ваков податок, па оттука не беше возможно да се направи општ хронолошки пресек за динамиката на изведба на јавни отворени простори за целата територија на градот.

На крајот од првата фаза, а по завршувањето на сите проверки, изготвени се табеларни прикази, со категоризирани јавни отворени простори, за секоја општина засебно. Регистрирани се **вкупно 364 новоизградени или реконструирани јавни простори** на територија на Град Скопје, од кои **149 детски игралишта, 106 спортски игралишта, 23 скверови, 79 паркови, 5 пешачки улици и 2 кровни градини** (*Табела 2*). Имајќи предвид дека станува збор за сериозен опфат, односно прибирањето на податоци се однесува на целокупната територија на градот Скопје, неопходно е да се напомене дека постои простор за маргинална грешка во попишувањето на просторите, кои биле изведени или реконструирани во последните 5 години.

**Табела 2: Преглед на вкупен број на новоизведени и реконструирани јавни простори по општини (2018-2023)**

| Општина | Површина (км$^2$) | Број на жители (2021) | Новоизведени | Реконструирани | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Аеродром | 21,85 | 77.735 | 32 | 39 | 71 |
| Бутел | 60,75 | 37.968 | 16 | 17 | 33 |
| Гази Баба | 110,86 | 69.626 | 28 | 36 | 64 |
| Ѓорче Петров | 66,93 | 44.844 | 15 | 15 | 30 |
| Карпош | 105 | 63.760 | 15 | 25 | 40 |
| Кисела Вода | 46,86 | 61.965 | 18 | 31 | 49 |
| Сарај | 229,06 | 38.399 | 1 | 3 | 4 |
| Центар | 7,52 | 43.893 | 5 | 41 | 46 |
| Чаир | 3,52 | 62.586 | 10 | 15 | 25 |
| Шуто Оризари | 7,48 | 25.726 | 2 | 0 | 2 |
| | | **Вкупно:** | **142** | **222** | **364** |

## 2.3 ИЗБОР НА ЛОКАЦИИ ЗА ПРОДЛАБОЧЕНА АНАЛИЗА

Во втората фаза, интересот на истражувањето се стеснува на една специфична типологија на јавни отворени простори, попрецизно таа што се јавува во непосредната околина на станбените блоковски формации. Од вкупниот попишан број на јавни простори на територија на Град Скопје, направена беше селекција на 6 јавни простори, од кои 2 се наоѓаат во Општина Центар, 2 во Општина Аеродром и 2 во Општина Карпош. Изборот на јавни простори беше направен користејќи ги следните критериуми:

- **типологија** (да се лоцирани во рамки на станбени комплекси)
- **програмска комплексност** (да содржи минимум 2 програмски активности или да има специфична намена)
- **диспозиција** (да се позиционирани помеѓу објекти за колективно домување или на граница помеѓу објекти за колективно домување и високофреквентни улици/булевари)

Во рамките на оваа истражувачка фаза, предмет на понатамошна, подлабока анализа се следните простори (*Табела 3*):

**Табела 3: Преглед на избрани јавни простори за анализа**

| Ознака | Година | Назив | Категорија | Површина (м2) | Инвеститор |
|---|---|---|---|---|---|
| Ц.1 | 2019 | Кровна градина - ГТЦ | Кровна градина / Сквер | 1607 | Град Скопје / UNDP |
| Ц.2 | 2021 | Детско и спортско игралиште „Славка Нeдиќ“ | Детско игралиште / Спортско игралиште | 1135 | Општина Центар |
| К.1 | 2020 | Инклузивно детско игралиште - Веро Тафталиџе | Детско игралиште / Парк | 741,5 | Државна лотарија |
| К.2 | 2018 | Урбан сквер „Нерези“ | Сквер / Детско игралиште / Парк | 3722,6 | Општина Карпош |
| А.1 | 2020 | Зелен сквер „Марче паркче“ | Сквер / Парк | 1855 | Град Скопје / СкопјеЛаб |
| А.2 | 2020 | Урбан парк покрај ул. Пандил Шишков | Сквер / Парк / Детско игралиште / Спортско игралиште / Пешачка улица | 4343,6 | Општина Аеродром |

**Табела 4: Преглед на програмски активности, типологија и диспозиција на избраните јавни простори**

| Ознака | Доминантни програмски активности | Придружни програмски активности | Типологија | Диспозиција |
|---|---|---|---|---|
| Ц.1 | 1 | 1 | станбен и трговско-деловен комплекс | рабен |
| Ц.2 | 2 | 0 | станбен комплекс | внатрешен |
| К.1 | 1 | 1 | станбен комплекс | рабен |
| К.2 | 2 | 1 | станбен комплекс | внатрешен |
| А.1 | 2 | 0 | станбен комплекс | рабен |
| А.2 | 4 | 1 | станбен комплекс | внатрешен |

## 2.4 НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВТОРАТА ФАЗА ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Втората фаза на истражувањето се спроведува преку две помошни алатки: тематски прашалници и анкета на стационарни активности. Изготвени беа 6 тематски прашалници и 1 анкетен образец, преку кои се мереа различни квалитативни и квантитативни аспекти и појави во јавните простори (Прилог 1-7), по примерот на Jan Gehl[2] и Urban95[3]. Тематските прашалници и анкетниот образец беа формулирани во согласност со потребите и целите на истражувањето, притоа земајќи ја предвид и потребата за анализа на специфичните аспекти, кои беа препознаени кај постоечките јавни простори на територија на градот Скопје, во првата истражувачка фаза и при нивното попишување. Важно е да се напомене дека овие тематски прашалници и анкетен образец нудат само еден начин од многуте можни, преку кои може да се мапираат / измерат / оценат различни квалитативни и квантитативни карактеристики на јавните отворени простори. Истите не се конечни и се замислени како отворени, надградливи, кои може да се прошируваат

[2]**Jan Gehl Institute** (2000). Twelve Key Quality Criteria Toolkit
[3]**Bernard van Leer Foundation and Jan Gehl People** (2018). Toolkit for measuring urban experiences of young children

и дополнуваат во зависност од потребите и специфичните теми кои корисникот сака да ги опфати со мерењето.

### 2.4.1 Оценка на квалитативните особености на јавните простори преку тематски прашалници

Тематските прашалници, кои беа изготвени за потребите на ова истражување имаа за цел да дадат индикативни проценки за одредени квалитативни аспекти на разгледуваните јавни простори. Процесот предвидуваше шест тематски фази кои набљудувачот го водат при набљудувањето на просторот насочувајќи ја неговата перцепција. Од секој набљудувач се очекуваше да го согледа просторот во целина, како и неговата интегрираност во непосредниот контекст, за низ процесот неговата субјективна перцепција да ја доведе до задоволителна објективна проценка на состојбите. Овој процес предвидуваше мапирање преку цртеж, документирање преку фотографија и текстуални записи за различните појави и состојби. Дополнително, како задача беше зададена повеќекратна посета и беше овозможено ревидирање на одговорите во случај на превид или пребрзо донесен заклучок.

Темите на прашалниците произлегоа од природата и општите стандарди и критериуми за отворените јавни простори:

1. Основни податоци
2. Пристапност
3. Комфор
4. Безбедност
5. Урбана опрема
6. Зеленило

Постапката на пополнување на првиот прашалник отстапуваше од таа за останатите шест и се состоеше од вкрстено прибирање и проверка на податоци за просторот, за што беа консултирани надлежните институции, државниот катастар, тематски објави на медиуми и сл. За преостанатите прашалници, од 2 до 6, постапката се одвиваше на терен, подразбираше мапирање преку цртеж, изработуван на самото место, комбинирано со текстуални описи и одговарање на конкретни прашања. Конечно информациите кои беа прибрани и се однесуваа на споменатите теми во заемна интерференција создаваа сликовит приказ на состојбите во рамките и околу набљудуваните отворени јавни простори.

### 2.4.2 Мапирање на стационарните активности

Мапирањето на стационарните активности се вршеше преку претходно изготвен анкетен образец (Прилог 7). Целта на оваа анкета е да ги мапира основните и најчести активности во јавните отворени простори, да ги забележи начините на користење на просторот, истите да ги стави во корелација со присуството на различни возрасни категории, како и со потенцијалот за здружување на истите заради споделените интереси.

Анкетирањето беше тестирано кај сите шест простори, по што, истото ревидирано, беше спроведено на секоја од локациите. Пополнувањето на анкетниот образец за мапирање на стационарните активности се вршеше на терен, во четири наврати, односно во два термини (претпладне и попладне) во работен и во неработен ден (недела), за секоја од избраните локации. Преку оваа анкета се документираа активностите на 20 поединци, кои во прецизиран и воедначен временски период од 20 минути, се присутни во тој простор. Дополнително, се забележуваа следните отстапки:

- доколку квотата од 20 поединци е исполнета во зададениот рок, набљудувањето е продолжено до максимум 60 минути, но оваа отстапка се забележува во образецот
- доколку во интервалот од 60 минути не е возможно да

се документираат активности на 20 поединци, бидејќи нема толкава посетеност на самото место, тогаш анкетата се затвора со онолку податоци колку што било возможно да се соберат во рамки на дадениот интервал

- во случај кога исполнувањето на квотата е во првите 5 до 10 минути од отпочнувањето на мерењето анкетата се затвора, но броењето продолжува до навршени 20 минути и истото се наведува како белешка во истата.

Иако наликува на анкета која има потенцијал да ја мери фреквенцијата на луѓе во различни просторно-временски околности, а во рамките на утврден временски интервал, сепак, оваа анкета нема таква цел. Секако, таа би можела со извесни адаптации (воведување зачестени и фиксни временски интервали на мерење, подолгорочно следење на одредена појава во одреден простор и сл.) да се реструктурира и применува и во таков истражувачки контекст.

Конечно, врз резултатите од процесот на мапирање на стационарните активности, освен варијаблите како работен/неработен ден или претпладне/попладне, кои беа земени предвид, може да влијаат и други околности, меѓу кои: моменталните временски услови, годишното време, општествено-политичката состојба и многу други, кои во вака ограничен истражувачки процес не можеше да бидат вклучени и секако оставаат простор за извесна грешка при мапирањето.

Ограниченоста на истражувачкиот процес, во однос на ресурсите време и истражувачи, делумно се надоместува со вкрстување на информациите и податоците прибрани преку преплетувањето на двете применети алатки, тематските прашалници и анкетниот образец. Со понатамошна анализа и преклопување на поединечните сетови од податоци може да се направи пресек низ состојбата на набљудуваните простори и притоа да се согледаат причинско-последичните врски помеѓу просторните конфигурации и различните форми на користење на просторот.

# 3. Преглед на изградени јавни отворени простори по општини

# Општина Аеродром

| Бр. | Година | Назив / Именување | Локација / Координати | Категорија | Состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2018 | Спортско игралиште Ново Лисиче, кај сините кули | 41.98352, 21.47321 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 2 | 2018 | Спортско игралиште Ново Лисиче | 41.98561, 21.47873 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 3 | 2019 | Зелен плоштад помеѓу ул. „Февруарски поход“ и ул. „Тодор Чангов“ | 41.98209, 21.48148 | Парк | Реконструиран |
| 4 | 2019 | Зелен плоштад кај бул. „Србија“ (спроти кулите Џевахир) | 41.97916, 21.46778 | Парк | Реконструиран |
| 5 | 2019 | Парк за миленици во „Реонски центар“ | 41.97819, 21.47561 | Парк | Новоизведен |
| 6 | 2019 | Парк за миленици „Аеродром“ | 41.98213, 21.47007 | Парк | Новоизведен |
| 7 | 2019 | Парк за миленици „Пет парк“ | 41.98547, 21.47240 | Парк | Новоизведен |
| 8 | 2019 | Парк за миленици „Дог парк“ | 41.98527, 21.46265 | Парк | Новоизведен |
| 9 | 2019 | Спортско игралиште, зад ТЦ Бисер, меѓу три кули | 41.98345, 21.46402 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 10 | 2019 | Спортско игралиште „Ентер“ | 41.98218, 21.46685 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 11 | 2020 | Велоштад - Паркинг за велосипеди | 41.99064, 21.44642 | Сквер | Новоизведен |
| 12 | 2020 | Детско игралиште кај поликлиника „Јане Сандански“ | 41.98450, 21.45683 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 13 | 2020 | Детско игралиште кај градинка „Срничка“ | 41.98831, 21.46560 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 14 | 2020 | Сквер во Урбан парк покрај ул. „Пандил Шишков“ | 41.98550, 21.45320 | Сквер | Новоизведен |
| 15 | 2020 | Зелена зона во Урбан парк покрај ул. „Пандил Шишков“ | 41.98559, 21.45283 | Парк | Новоизведен |
| 16 | 2020 | Спортско игралиште во Урбан парк покрај ул. „Пандил Шишков“ | 41.98572, 21.45260 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 17 | 2020 | Детско игралиште во Урбан парк покрај ул. „Пандил Шишков“ | 41.98542, 21.45314 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 18 | 2020 | Пешачка улица во Урбан парк покрај ул. „Пандил Шишков“ | 41.98587, 21.45221 | Пешачка улица | Новоизведен |
| 19 | 2020 | Спортско игралиште Острово | 41.98998, 21.45109 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 20 | 2020 | Детско игралиште Острово | 41.98996, 21.45087 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 21 | 2020 | Зелен сквер, меѓу бул. „Јане Сандански“ и ул. „Владимир Комаров“ кај „Палма“ Аеродром | 41.98878, 21.45432 | Парк | Новоизведен |
| 22 | 2020 | Зелен сквер „Марче паркче“ | 41.98848, 21.45634 | Парк | Новоизведен |
| 23 | 2020 | Парк кај железничка станица - н.м. Мичурин | 41.98810, 21.44295 | Парк | Новоизведен |
| 24 | 2020 | Детско игралиште во парк кај железничка станица - н.м. Мичурин | 41.98816, 21.44318 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 25 | 2020 | Сквер во парк „Бојмија“ | 41.99118, 21.44910 | Сквер | Реконструиран |
| 26 | 2020 | Детско игралиште во парк „Бојмија“ | 41.99108, 21.44926 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 27 | 2020 | Спортско игралиште во парк „Бојмија“ | 41.99137, 21.44878 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 28 | 2020 | Зелена зона во парк „Мичурин“ | 41.98717, 21.44777 | Парк | Реконструиран |
| 29 | 2020 | Сквер во парк „Мичурин“ | 41.98681, 21.44859 | Сквер | Реконструиран |
| 30 | 2020 | Детско игралиште во парк „Мичурин“ | 41.98668, 21.44886 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 31 | 2020 | Спортско игралиште во парк „Мичурин“ | 41.98696, 21.44824 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 32 | 2020 | Парк кај поликлиника „Јане Сандански“ | 41.98433, 21.45713 | Парк | Новоизведен |
| 33 | 2020 | Спортско игралиште во близина на ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 41.98804, 21.46571 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 34 | 2020 | Спортско игралиште Горно Лисиче, во дворот на ООУ „Гоце Делчев“ | 41.96999, 21.48665 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 35 | 2020 | Детско игралиште Горно Лисиче, во дворот на ООУ „Гоце Делчев“ | 41.97000, 21.48622 | Детско игралиште | Реконструиран |

# Општина Аеродром

| Бр. | Година | Назив / Именување | Локација / Координати | Категорија | Состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| 36 | 2020 | Зелена зона во Урбан парк покрај ул. „Методија Шаторов Шарло“ | 41.98657, 21.45266 | Парк | Новоизведен |
| 37 | 2020 | Сквер во Урбан парк покрај ул. „Методија Шаторов Шарло“ | 41.98647, 21.45342 | Сквер | Новоизведен |
| 38 | 2020 | Детско игралиште во Урбан парк покрај ул. „Методија Шаторов Шарло“ | 41.98638, 21.45299 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 39 | 2020 | Детско игралиште на бул. „Србија“ | 41.98701, 21.47283 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 40 | 2020 | Детско игралиште „Шарло“ | 41.98727, 21.45430 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 41 | 2020 | Спортско игралиште „Шарло“ | 41.98729, 21.45414 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 42 | 2020 | Детско игралиште Ново Лисиче, кај „Хелиум“ | 41.98150, 21.47551 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 43 | 2020 | Спортско игралиште „Браун“ | 41.98544, 21.47016 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 44 | 2020 | Детско игралиште „Јане Сандански“, кај поранешна „Стела“ | 41.98839, 21.47130 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 45 | 2021 | Детско игралиште | 41.98269, 21.46702 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 46 | 2021 | Сквер зад ТЦ „Бисер“ | 41.98446, 21.46511 | Сквер | Реконструиран |
| 47 | 2021 | Детско игралиште кај градинка „Лале“ | 41.98561, 21.46981 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 48 | 2021 | Парк „Нирнберг“ | 41.98176, 21.47585 | Парк | Реконструиран |
| 49 | 2021 | Детско игралиште Ново Лисиче, во близина на ул. „Тоше Проески“ | 41.98625, 21.47595 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 50 | 2021 | Спортски центар „Марко Божиновски“ - Стадионче | 41.98135, 21.47789 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 51 | 2021 | Сквер во Парк „9 Мај“ покрај бул. „Трета македонска бригада“ | 41.98011, 21.46002 | Сквер | Новоизведен |
| 52 | 2021 | Спортско игралиште во Парк „9 Мај“ покрај бул. „Трета македонска бригада“ | 41.98026, 21.46006 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 53 | 2021 | Детско игралиште во Парк „9 Мај“ покрај бул. „Трета македонска бригада“ | 41.98014, 21.45983 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 54 | 2021 | Зелена површина на бул. „Трета македонска бригада“ пред згради број 45 и 47 | 41.98012, 21.45888 | Парк | Новоизведен |
| 55 | 2021 | Детско игралиште Ново Лисиче | 41.98410, 21.47450 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 56 | 2022 | Спортско игралиште „Големиќ“ | 41.98051, 21.48008 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 57 | 2022 | Детско игралиште „Големиќ“ | 41.98042, 21.47998 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 58 | 2022 | Детско игралиште во парк „Реонски центар“ | 41.97967, 21.47259 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 59 | 2022 | Зелена површина кај бул. „Србија“ (вело и пешачка патека) | 41.98436, 21.47254 | Пешачка улица | Реконструиран |
| 60 | 2022 | Детско игралиште во парк „Реонски центар“ | 41.97925, 21.47430 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 61 | 2022 | Спортско игралиште „Никола Христовски Коњо“ | 41.98668, 21.47621 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 62 | 2022 | Спортско-рекреативен полигон во дворот на ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 41.98957, 21.46433 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 63 | 2022 | Спортско игралиште во н.м. Лисиче | 41.97574, 21.47233 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 64 | 2022 | Кошаркарско игралиште „Јане Сандански“, кај поранешна „Стела“ | 41.98771, 21.47019 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 65 | 2022 | Детско игралиште во Стар Аеродром | 41.98775, 21.45765 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 66 | 2023 | Спортско игралиште „Мрежички“ | 41.99045, 21.46623 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 67 | 2023 | Спортско игралиште во дворот на ООУ „Љубен Лапе“ | 41.98496, 21.46017 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 68 | 2023 | Спортско игралиште Долно Лисиче | 41.95853, 21.53900 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 69 | 2023 | Детско игралиште Долно Лисиче | 41.95860, 21.53877 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 70 | 2023 | Спортско игралиште во близина на ТЦ „Три Бисери“, Игралиште „Патрик“ | 41.99035, 21.46174 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 71 | 2023 | Детско игралиште во близина на ТЦ „Три Бисери“ | 41.99021, 21.46115 | Детско игралиште | Реконструиран |

# Општина Бутел

| Бр. | Година | Назив / Именување | Локација / Координати | Категорија | Состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2018 | Ул. „Боца Иванова“ од кружниот тек до ЈП „Водовод и канализација“ | 42.02884, 21.43475 | Парк | Реконструиран |
| 2 | 2020 | Инклузивно игралиште во ООУ „Живко Брајковски“ | 42.03126, 21.44731 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 3 | 2020 | Парк на ул. „Коце Металец“ | 42.00989, 21.46087 | Парк | Реконструиран |
| 4 | 2020 | Бул. „Х. Т. Карпош“ - потег од ул. „Натанаил Кучевишки“ до надвозник на обиколница | 42.03392, 21.45215 | Парк | Новоизведен |
| 5 | 2020 | Парк на ул. „Цетинска“ | 42.02794, 21.44515 | Парк | Новоизведен |
| 6 | 2020 | Инклузивно детско игралиште | 42.03128, 21.44734 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 7 | 2021 | Игралиште во ООУ „Ацо Шопов“ | 42.06294, 21.45279 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 8 | 2021 | ЈОУДГ „11 Октомври“ клон „Страшо Пинџур“ | 42.03168, 21.44743 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 9 | 2022 | Фудбалско игралиште во с. Љубанци | 42.10369, 21.46310 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 10 | 2022 | Игралиште во ООУ „Панајот Гиновски“ | 42.02087, 21.45229 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 11 | 2022 | Фудбалско игралиште на ул. „Радишанска“ - н.м. Расадник | 42.04789, 21.44975 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 12 | 2022 | Парк на ул. „Радишанска“ - н.м. Расадник | 42.04736, 21.44958 | Парк | Реконструиран |
| 13 | 2022 | Фитнес зона кај спортско-рекреативен центар „Македонија“ | 42.05494, 21.45225 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 14 | 2022 | Парк кај спортско-рекреативен центар „Македонија“ | 42.05548, 21.45253 | Парк | Новоизведен |
| 15 | 2022 | Спортско-рекреативен центар „Македонија“ - детско игралиште | 42.05448, 21.45223 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 16 | 2022 | Спортско-рекреативен центар „Македонија“ - фудбалско игралиште | 42.05509, 21.45240 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 17 | 2022 | Спортско-рекреативен центар „Македонија“ - кошаркарско игралиште | 42.05492, 21.45236 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 18 | 2022 | Парк „Олимписки сон“ | 42.04030, 21.44393 | Парк | Реконструиран |
| 19 | 2022 | Аголот кај ул. „Бутелска“ и ул. „Призренска“ | 42.03905, 21.44756 | Парк | Новоизведен |
| 20 | 2022 | Зелен појас / Парк на ул. „Бутелска“ | 42.02957, 21.44482 | Парк | Реконструиран |
| 21 | 2022 | Игралиште во ООУ „Ацо Шопов“ | 42.06283, 21.45214 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 22 | 2023 | Игралиште во ООУ „Живко Брајковски“ | 42.03094, 21.44732 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 23 | 2023 | Игралиште во ООУ „Св. Климент Охридски“ | 42.03438, 21.40955 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 24 | 2023 | Игралиште во Скопје Север | 42.02351, 21.43933 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 25 | 2023 | Игралиште до ООУ „Гоце Делчев“ | 42.10560, 21.45428 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 26 | 2023 | Мал плоштад до ООУ „Живко Брајковски“ | 42.03070, 21.44767 | Сквер | Новоизведен |
| 27 | 2023 | Парк до ООУ „Живко Брајковски“ | 42.03062, 21.44733 | Парк | Реконструиран |
| 28 | 2023 | Игралиште во ООУ „Св. Климент Охридски“ | 42.03468, 21.40945 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 29 | 2023 | Детско игралиште кај н.м. Жегровец | 42.04323, 21.45983 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 30 | 2023 | Игралиште во ООУ „Петар Здравковски - Пенко“ | 42.02235, 21.44304 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 31 | 2023 | Спортско-рекреативен центар „Го сакам Бутел“ - кошаркарско игралиште | 42.03685, 21.45182 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 32 | 2023 | Спортско-рекреативен центар „Го сакам Бутел“ - фудбалско игралиште | 42.03692, 21.45220 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 33 | 2023 | Спортско-рекреативен центар „Го сакам Бутел“ - детско игралиште | 42.03700, 21.45213 | Детско игралиште | Новоизведен |

# Општина Гази Баба



| Бр. | Година | Назив / Именување | Локација / Координати | Категорија | Состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2018 | Мини плоштад „Коцка“ во н.м. Автокоманда | 42.00327, 21.46446 | Сквер | Реконструиран |
| 2 | 2018 | Фитнес зона во парк-шума Гази Баба | 42.01054, 21.45816 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 3 | 2019 | Фудбалско игралиште во СОС Детско село | 42.00209, 21.50475 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 4 | 2019 | Детско игралиште - ООУ „Вера Јоциќ“ во н.м. Хиподром | 41.99531, 21.50907 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 5 | 2020 | Детско игралиште - парк шума во н.м. Железара | 42.01382, 21.45470 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 6 | 2020 | Детско игралиште во ООУ „25 Мај“ старо школо | / | Детско игралиште | Новоизведен |
| 7 | 2020 | Летниковец - парк-шума н.м. Железара | 42.01382, 21.45459 | Сквер | Реконструиран |
| 8 | 2020 | Кошаркарско игралиште - парк-шума во н.м. Железара | 42.01386, 21.45460 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 9 | 2020 | Повеќенаменско спортско игралиште во ООУ „Петар Петровиќ - Његош“ | 41.96407, 21.56077 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 10 | 2021 | Игралиште во ООУ „25 Мај“ старо школо | 42.01228, 21.51156 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 11 | 2022 | Детско игралиште во н.м. Кирил Петрушевски | 41.98764, 21.50103 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 12 | 2022 | Кошаркарско игралиште во н.м. Колонија | 41.96204, 21.56243 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 13 | 2022 | Изработка на игралиште со тартан подлога во н.м. Колонија | 41.96205, 21.56245 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 14 | 2022 | Спортско игралиште во н.м. Кирил Петрушевски | 41.98745, 21.50076 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 15 | 2022 | Фитнес зона во паркот Триангла | 41.99952, 21.49955 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 16 | 2022 | Парк Триангла | 41.99967, 21.49931 | Парк | Реконструиран |
| 17 | 2022 | Детско игралиште во н.м. Триангла | 41.99882, 21.49157 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 18 | 2022 | Детско игралиште во паркот „Методија Андонов - Ченто“ | 42.00960, 21.50278 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 19 | 2022 | Парк „Методија Андонов - Ченто“ | 42.00978, 21.50236 | Парк | Новоизведен |
| 20 | 2022 | Детско игралиште во паркот Триангла | 41.99972, 21.49864 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 21 | 2022 | Спортско игралиште во н.м. Ќерамидница под мост | 41.99746, 21.46882 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 22 | 2022 | Парк „Скулптура“ | 42.00711, 21.46446 | Парк | Реконструиран |
| 23 | 2022 | Игралиште на ул. „Неготинска“ н.м. Ченто | 42.01120, 21.51436 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 24 | 2022 | Спортско игралиште во паркот „Методија Андонов - Ченто“ | 42.01013, 21.50172 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 25 | 2022 | Спортско игралиште во н.м. Страчинци до ООУ „Кирил и Методиј“ | 42.02793, 21.51338 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 26 | 2022 | Кошаркарско игралиште - ООУ „Григор Прличев“ | 42.01473, 21.45864 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 27 | 2022 | Мултифункционално игралиште во н.м. Триангла до ООУ „Наум Наумовски - Борче“ | 41.99944, 21.49872 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 28 | 2022 | Детско игралиште во н.м. Ќерамидница под мост | 41.99731, 21.46888 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 29 | 2023 | Детско игралиште на плоштад „Филип Втори“ во н.м. Автокоманда | 42.00151, 21.46183 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 30 | 2023 | Детско игралиште во склоп на ЈУДГ „25 Мај“ клон „Морковче“ во с. Јурумлери | 41.96448, 21.56028 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 31 | 2023 | Ул. „Перо Наков“ во близина на Кванташки пазар | 41.98826, 21.50056 | Парк | Реконструиран |
| 32 | 2023 | Спортски Центар „Иван Илиев“ - Стајковци | 42.03196, 21.52580 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 33 | 2023 | Фитнес зона со тартан подлога во н.м. Ќерамидница | 41.99536, 21.46319 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 34 | 2023 | Фудбалско игралиште во н.м. Трубарево - Чукур маало | 41.98056, 21.53889 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 35 | 2023 | Спортски терен на ул. „Среќко Пужалка“ во Ченто | 42.00629, 21.50035 | Спортско игралиште | Реконструиран |

# Општина Гази Баба

| Бр. | Година | Назив / Именување | Локација / Координати | Категорија | Состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| 36 | 2023 | Детско игралиште на ул. „Сава Михајлов“ | 42.00922, 21.51101 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 37 | 2023 | Спортско игралиште на ул. „Сава Михајлов“ | 42.00927, 21.51094 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 38 | 2023 | Детско игралиште во н.м. Колонија - н.м. Торта Маало | 41.96451, 21.56032 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 39 | / | Изградба на детско игралиште со гумена подлога во н.м. Хиподром 2 | / | Детско игралиште | Новоизведен |
| 40 | / | ООУ „Крум Тошев“ - н.м. Трубарево | 41.98327, 21.52776 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 41 | / | Игралиште во н.м. Смилковци | 42.03433, 21.49046 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 42 | / | Игралиште во ООУ „Наум Охридски“ | 42.07133, 21.50321 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 43 | / | Изградба на детско игралиште кај Кванташки пазар | 41.98764, 21.50105 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 44 | / | Изградба на детско игралиште во н.м. Чукур Маало | / | Детско игралиште | Новоизведен |
| 45 | / | Детско игралиште во н.м. Инџиково до автопат | 41.99860, 21.51338 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 46 | / | Детско игралиште во н.м. Инџиково кај црква | 42.00423, 21.51735 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 47 | / | Спортско игралиште во н.м. Булачани | / | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 48 | / | Детско игралиште во н.м. Раштак | | Детско игралиште | Новоизведен |
| 49 | / | Детско игралиште во н.м. Стајковци | | Детско игралиште | Новоизведен |
| 50 | / | Игралиште за фудбал во н.м. Идризово | | портско игралиште | Новоизведен |
| 51 | / | Игралиште во ООУ „Стив Наумов“ во н.м. Автокоманда | 42.00384, 21.46565 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 52 | / | Игралиште во н.м. Автокоманда - зграда П | 42.00386, 21.46119 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 53 | / | Детско игралиште во н.м. Колонија - парк | 41.96153, 21.56195 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 54 | / | Детско игралиште - парк шума во н.м. Железара | 42.01027, 21.45835 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 55 | / | Игралиште - паркинг во н.м. Железара | /42.01478, 21.45254 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 56 | / | Детско игралиште во н.м. Булачани (Боцевци) | / | Детско игралиште | Новоизведен |
| 57 | / | Кошаркарско игралиште во н.м. Хиподром 2 | / | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 58 | / | Игралиште со тартан подлога во н.м. Гоце Делчев | / | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 59 | / | Игралиште за мал фудбал и ракомет на ул. „Фуштанска“ во н.м. Ченто | / | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 60 | / | Игралиште со природна трева | 42.00887, 21.46216 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 61 | / | Игралиште за мал фудбал и кошарка на ул. „Антон Попов“ до семафорите | / | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 62 | / | Детско игралиште во н.м. Маџари (во црква Свети Спас) | 41.99464, 21.50320 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 63 | / | Спортско игралиште ФК Фортуна, н.м. Сингелиќ | 42.01538, 21.51314 | Спортско игралиште | Реконструиран |

# Општина Ѓорче Петров



| Бр. | Година | Назив / Именување | Локација / Координати | Категорија | Состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2019 | Детска едукативна просторна инсталација | 42.00838, 21.36219 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 2 | 2019 | Парк на бул. „Македонска војска“ кај полициската станица | 42.00847, 21.36238 | Парк | Реконструиран |
| 3 | 2020 | Детско игралиште на бул. Македонска војска | 42.00272, 21.36298 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 4 | 2020 | Детско игралиште на ул. „Беаз Куле“, н.м. Дексион | 42.00995, 21.34294 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 5 | 2020 | Детско игралиште на ул. „Воин Драшковиќ“ | 42.00288, 21.37222 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 6 | 2020 | Кошаркарско игралиште во СУГС „Кочо Рацин“ | 42.00383, 21.36339 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 7 | 2020 | Игралиште во ООУ „Ѓорче Петров“ | 42.00789, 21.33609 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 8 | 2021 | Детско игралиште во реонски парк | 42.00828, 21.36392 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 9 | 2021 | Реонски парк „Корзо“ | 42.00735, 21.36377 | Пешачка улица | Новоизведен |
| 10 | 2021 | Парк за миленици на бул. „Македонска војска“ | 42.00791, 21.36249 | Парк | Новоизведен |
| 11 | 2021 | Кошаркарско игралиште во ООУ „Страшо Пинџур“ | 42.01813, 21.35415 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 12 | 2021 | Кошаркарско игралиште во ООУ „Димитар Поп Ѓеоргиев Беровски“ | 42.00273, 21.35671 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 13 | 2021 | Урбан сквер во Хром | 42.00279, 21.37210 | Сквер | Новоизведен |
| 14 | 2021 | Павилјон во Хром КО 7934/2 | 42.00302, 21.37396 | Парк | Новоизведен |
| 15 | 2021 | Павилјон во Хром КО 8265/1 | 42.00511, 21.37095 | Парк | Новоизведен |
| 16 | 2021 | Павилјон н.м. Даме Груев 2341/1 | 42.02003, 21.35339 | Парк | Новоизведен |
| 17 | 2021 | Парк на бул. „Македонска војска“ | 42.00305, 21.36297 | Парк | Новоизведен |
| 18 | 2021 | Парк за миленици на ул. „Радушка“ | 42.01041, 21.33961 | Парк | Новоизведен |
| 19 | 2021 | Повеќенаменско игралиште во н.м. Хром (на полјана) | 42.00068, 21.37131 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 20 | 2022 | Еко-училница | 42.06269, 21.30303 | Сквер | Новоизведен |
| 21 | 2022 | Парк за миленици во реонски парк, н.м. Хром (на полјана) | 42.00055, 21.37121 | Парк | Новоизведен |
| 22 | 2022 | Кошаркарско игралиште на ул. „Шидска“ | 42.00819, 21.36102 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 23 | 2023 | Мегапарк во н.м. Даме Груев | 42.02569, 21.36292 | Парк | Новоизведен |
| 24 | 2023 | Детско игралиште во н.м. Хром (на полјана) | 42.00049, 21.37187 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 25 | 2023 | Детско игралиште во н.м. Хром (на насип) | 42.00002, 21.36820 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 26 | 2023 | Детско игралиште спроти ООУ „Мирче Ацев“ | 42.00923, 21.35026 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 27 | 2023 | Детско игралиште на ул. „Шидска“ (на кош) | 42.00802, 21.36103 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 28 | 2023 | Детско игралиште на ул. „Шидска“ (пред стара полициска станица) | 42.00903, 21.36049 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 29 | 2023 | Детско игралиште на ул. „Социјалистичка зора“ | 42.00503, 21.35471 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 30 | 2023 | Кошаркарско игралиште во ООУ „Мирче Ацев“ | 42.00837, 21.35073 | Спортско игралиште | Реконструиран |

# Општина Карпош

| Бр. | Година | Назив / Именување | Локација / Координати | Категорија | Состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2018 | Детско игралиште кај Веро | 41.99742, 21.40569 | Детско игралиште | Реконструиран |
| 2 | 2018 | Урбан сквер „Нерези“ | 42.00183, 21.38350 | Сквер | Новоизведен |
| 3 | 2018 | Урбан сквер „Нерези“ | 42.00186, 21.38330 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 4 | 2018 | Фитнес зона во Карпош 4, долж бул. „Партизански одреди“ | 42.00460, 21.38868 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 5 | 2018 | Фитнес зона на кејот на реката Вардар - „BALANS + ЗОНА“ | 42.00962, 21.39329 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 6 | 2019 | Парк на аголот помеѓу бул. „Партизански одреди“ и ул. „Љубљанска“ спроти Skopje City Mall | 42.00442, 21.39006 | Парк | Реконструиран |
| 7 | 2020 | Инклузивно детско игралиште - Веро Тафталиџе | 41.99647, 21.40620 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 8 | 2020 | Зелен сквер - бул. „Илинден“ / ул. „Орце Николов“ | 42.00647, 21.41077 | Сквер | Новоизведен |
| 9 | 2020 | Зелен сквер - бул. „Илинден“ / ул. „Орце Николов“ | 42.00635, 21.41088 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 10 | 2020 | Парк на ул. „Шекспирова“ кај Драмски театар | 42.00308, 21.40764 | Парк | Реконструиран |
| 11 | 2020 | TOPSI Pumptrack - Велодром | 42.00912, 21.41228 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 12 | 2020 | Инклузивно игралиште во Карпош 2 | 42.00347, 21.40596 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 13 | 2020 | Спортско игралиште во спортско-рекреативен центар во дворот на ООУ „Лазо Трповски“ | 42.00710, 21.39809 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 14 | 2020 | Спортско игралиште во спортско-рекреативен центар во дворот на ООУ „Лазо Трповски“ | 42.00653, 21.39806 | Спортско игралиште | Реконструиран |
| 15 | 2020 | Детско игралиште во спортско-рекреативен центар во дворот на ООУ „Лазо Трповски“ | 42.00650, 21.39890 | Детско игралиште | Новоизведен |
| 16 | 2020 | Фитнес зона во спортско-рекреативен центар во дворот на ООУ „Лазо Трповски“ | 42.00664, 21.39885 | Спортско игралиште | Новоизведен |
| 17 | 2020 | Зелена зона во спортско-рекреативен центар во дворот на ООУ „Лазо Трповски“ | 42.00685, 21.39859 | Парк | Реконструиран |
| 18 | 2020 | Зелена зона во Карпош 1 на ул. „Иван Аговски“ | 42.00286, 21.41176 | Парк | Реконструиран |
| 19 | 2020 | Детско игралиште во Карпош 1 на ул. „Иван Аговски“ | 42.00307, 21.41181 | Детско игралиште | Реконструиран |
Очигледно е, исто така, дека најголемиот атрактор за возрасната група од 6 до 15 години се спортските терени (Урбан парк покрај ул. „Пандил Шишков“, детско и спортско игралиште „Славка Недиќ“), што е и очекувано со оглед на потребите на оваа група корисници. Вкрстувањето на наодите од тематскиот прашалник укажува и на повисокото ниво на звучно загадување кај овие простори како во

претпладневните, така и во попладневните часови, случај кој треба да се адресира со соодветни проектантски мерки во и околу просторот за изведување на спомenатите активности. Дополнително треба да се размисли и за комбинирано користење на овие површини, со оглед на тоа дека истите се користат со различен интензитет во текот на денот и неделата. Во таа насока, кај еден од разгледаните случаи (урбан сквер „Нерези“) нотирана е забележителна смена на корисниците на ист простор: лицата од 6 до 15 години се најзастапени во неработните денови, додека во работните денови најчести корисници на просторот се лицата на возраст над 64 години.

Интересно е да се забележи дека просторите кои се поставени долж примарните сообраќајници (зелен сквер „Марче паркче“, инклузивното детско игралиште - Веро Тафталиџе, кровна градина - ГТЦ), наспроти силната тангенцијална фреквенција на луѓе и возила, имаат карактер на интровертни места, со појасно дефинирани природни или изградени граници. Кај овие простори дополнително се забележува поскромна програма, многу фокусирана група корисници, скромна палета на активности (седење, играње, разговор) и вообичаено една функција (детско игралиште, парк) која доминира над останатите.

**Анкетата на стационарните активности, особено делот кој дава индикатори за групирањето на корисниците на набљудуваните простори, ја потврдува претпоставката дека јавните отворени простори поттикнуваат социјална кохезија помеѓу локалното население, што е една од примарните цели на формирањето на истите во станбените населби.** Модалитетите на групирање на корисниците на отворените јавни простори се многубројни и често функција на расположливата инфраструктура, иако во одредени случаи има отстапки од оваа претпоставка и одредени возрасни групи се присутни независно од отсутноста на опрема произлезена од нивните интереси (урбан сквер „Нерези“). Во просторите со поголема програмска сложеност (Урбан парк покрај ул. „Пандил Шишков“, детско и спортско игралиште „Славка Недиќ“) групите се разновидни и тоа придонесува не само за поголема кохезија, туку создава и дополнителни услови за генерациска размена на искуства и градење на врски со широк возрасен опсег. Наспроти тоа, кај просторите со фокусирана функционална структура (зелен сквер „Марче паркче“, инклузивното детско игралиште - Веро Тафталиџе, кровна градина - ГТЦ) групите се формираат во рамките на доминантната намена на просторот и за сметка на контролираната социјална кохезија обезбедуваат средина која е побезбедна и попријатна за возрасните групи под 5 години и лицата над 65 години. Секако, доколку се создадат соодветни услови, овие простори може да го прошират опсегот на интересни групи внесувајќи активности како што се разнородни едукативни програми, физичка култура, читање, работа на отворено и сл.

Практикувањето на разговор и сеир се традиционална одлика на овие простори и како такви забележани се во сите случаи. Една забележлива тенденција при вкрстувањето на собраните информации е дека за овие активности не се планираат специјализирани простори, опрема, ниту, пак, се распределуваат соодветно во просторот. Тие често се случуваат на рабовите на проектираните површини наменети за детски игралишта, спорт и слично и опремата за нивна поддршка или отсуствува или е поставена на начин кој долгорочно ги истиснува овие активности од програмата на отворените јавни простори.

# Мапирање на стационарни активности

## Сумарен преглед

| Локација: | | | Зелен сквер „Марче паркче“ | | | | Урбан парк покрај ул. „Пандил Шишков“ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ден: | | | Неработен | | Работен | | Неработен | | Работен | |
| Време: | | | Претпладне | Попладне | Претпладне | Попладне | Претпладне | Попладне | Претпладне | Попладне |
| Пол | машки | | 15 | 13 | 8 | 10 | 10 | 11 | 10 | 10 |
| | женски | | 5 | 7 | 12 | 10 | 10 | 9 | 9 | 10 |
| Возраст | бебе | | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 1 | 1 | 1 |
| | дете до 5 години | | 0 | 1 | 0 | 0 | 4 | 3 | 5 | 3 |
| | лице 6-15 години | | 1 | 1 | 0 | 0 | 6 | 10 | 5 | 9 |
| | лице 16-24 години | | 5 | 4 | 5 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | лице 25-64 години | | 10 | 13 | 11 | 12 | 2 | 4 | 5 | 5 |
| | лице 64+ години | | 4 | 1 | 4 | 4 | 5 | 2 | 3 | 2 |
| Позиција | стоење | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 1 |
| | седење - на јавен реквизит | | 0 | 0 | 2 | 2 | 6 | 5 | 0 | 4 |
| | седење - на приватен реквизит | | 6 | 0 | 4 | 1 | 3 | 1 | 0 | 1 |
| | седење - неформално | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 |
| | лежење - клупа | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | лежење - тревник | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | движење - наоколу | | 14 | 0 | 14 | 17 | 11 | 14 | 11 | 14 |
| | мирување | | 3 | 3 | 0 | 1 | 8 | 6 | 8 | 6 |
| | движење | | 17 | 17 | 14 | 17 | 11 | 14 | 11 | 14 |
| Активност | | само минување | 14 | 14 | 17 | 16 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| | | грижа за деца | 0 | 5 | 0 | 2 | 9 | 7 | 10 | 7 |
| | | со миленици | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | | јадење / пиење | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 | 6 |
| | | продавање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | вежбање на справи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 |
| | | спортување | 1 | 1 | 4 | 2 | 3 | 4 | 0 | 0 |
| | | набљудување | 1 | 1 | 0 | 0 | 6 | 0 | 2 | 5 |
| | | чекање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| | | користење мобилен | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 3 |
| | | работа на компјутер | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| | | играње | 0 | 1 | 0 | 0 | 7 | 9 | 2 | 14 |
| | | разговор | 2 | 4 | 5 | 7 | 6 | 5 | 14 | 7 |
| | | читање и пишување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | | креативна активност | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 8 | 3 | 4 |
| | | одморање | 4 | 3 | 0 | 0 | 6 | 1 | 8 | 6 |
| Групирање | сам | | 18 | 2 | 15 | 8 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| | во пар | дете-дете | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 7 |
| | | дете-негувател | 0 | 3 | 0 | 1 | 3 | 6 | 14 | 4 |
| | | возрасен-асистент | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | возрасен-возрасен | 1 | 4 | 4 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | група | деца | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 4 |
| | | тинејџери | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 | 10 | 0 | 0 |
| | | возрасни | 0 | 9 | 1 | 0 | 4 | 4 | 0 | 5 |
| | | мешани | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 0 | 0 | 0 |

| Локација: | | | Инклузивно детско игралиште - Веро Тафталице | | | | Урбан сквер „Нерези“ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ден: | | | Неработен | | Работен | | Неработен | | Работен | |
| Време: | | | Претпладне | Попладне | Претпладне | Попладне | Претпладне | Попладне | Претпладне | Попладне |
| Пол | машки | | 9 | 8 | 10 | 9 | 3 | 10 | 4 | 3 |
| | женски | | 11 | 12 | 10 | 11 | 3 | 10 | 3 | 4 |
| Возраст | бебе | | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | дете до 5 години | | 7 | 6 | 6 | 6 | 0 | 4 | 2 | 1 |
| | лице 6-15 години | | 0 | 2 | 0 | 2 | 2 | 8 | 0 | 0 |
| | лице 16-24 години | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| | лице 25-64 години | | 10 | 8 | 5 | 10 | 2 | 3 | 1 | 2 |
| | лице 64+ години | | 1 | 1 | 6 | 1 | 1 | 3 | 4 | 4 |
| Позиција | стоење | | 3 | 3 | 5 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | седење - на јавен реквизит | | 4 | 3 | 3 | 8 | 4 | 12 | 5 | 4 |
| | седење - на приватен реквизит | | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | седење - неформално | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | лежење - клупа | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | лежење - тревник | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | движење - наоколу | | 11 | 14 | 10 | 9 | 1 | 10 | 4 | 3 |
| | мирување | | 8 | 6 | 9 | 11 | 3 | 6 | 3 | 5 |
| | движење | | 12 | 14 | 10 | 8 | 3 | 14 | 2 | 2 |
| Активност | | само минување | 3 | 7 | 5 | 3 | 1 | 3 | 0 | 1 |
| | | грижа за деца | 7 | 6 | 7 | 8 | 0 | 4 | 2 | 1 |
| | | со миленици | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | јадење / пиење | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| | | продавање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | вежбање на справи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | спортување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| | | набљудување | 0 | 0 | 1 | 2 | 6 | 2 | 3 | 0 |
| | | чекање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | користење мобилен | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 0 | 0 |
| | | работа на компјутер | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | играње | 7 | 7 | 6 | 6 | 2 | 6 | 4 | 2 |
| | | разговор | 0 | 9 | 4 | 1 | 0 | 2 | 2 | 4 |
| | | читање и пишување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | креативна активност | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | | одморање | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | 11 | 0 | 0 |
| Групирање | сам | | 1 | 3 | 4 | 5 | 1 | 3 | 1 | 1 |
| | во пар | дете-дете | 0 | 2 | 0 | 1 | 2 | 9 | 0 | 0 |
| | | дете-негувател | 17 | 13 | 14 | 14 | 2 | 8 | 4 | 2 |
| | | возрасен-асистент | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| | | возрасен-возрасен | 2 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | група | деца | 9 | 7 | 7 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | тинејџери | 0 | 4 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | возрасни | 11 | 8 | 13 | 11 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| | | мешани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# Мапирање на стационарни активности

## Сумарен преглед

| | | Кровна градина ГТЦ | | | | Детско и спортско игралиште „Славка Недиќ" | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Локација: | | | | | | | | | |
| Ден: | | Неработен | | Работен | | Неработен | | Работен | |
| Време: | | Претпладне | Попладне | Претпладне | Попладне | Претпладне | Попладне | Претпладне | Попладне |
| Пол | машки | 5 | 9 | 3 | 16 | 12 | 7 | 11 | 12 |
| | женски | 2 | 11 | 17 | 4 | 8 | 11 | 9 | 8 |
| Возраст | бебе | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | дете до 5 години | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 2 | 4 |
| | лице 6-15 години | 0 | 2 | 4 | 2 | 3 | 7 | 5 | 4 |
| | лице 16-24 години | 2 | 9 | 5 | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 |
| | лице 25-64 години | 0 | 2 | 4 | 2 | 3 | 7 | 5 | 4 |
| | лице 64+ години | 1 | 0 | 2 | 4 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| Позиција | стоење | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 |
| | седење - на јавен реквизит | 3 | 8 | 18 | 10 | 4 | 4 | 3 | 3 |
| | седење - на приватен реквизит | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | седење - неформално | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | лежење - клупа | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | лежење - тревник | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | движење - наоколу | 4 | 10 | 1 | 9 | 14 | 14 | 17 | 15 |
| Активност | мирување | 3 | 10 | 19 | 11 | 6 | 4 | 3 | 5 |
| | движење | 4 | 10 | 1 | 9 | 14 | 14 | 17 | 15 |
| | само минување | 4 | 2 | 0 | 6 | 12 | 13 | 10 | 7 |
| | грижа за деца | 0 | 1 | 4 | 3 | 2 | 0 | 2 | 7 |
| | со миленици | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 |
| | јадење / пиење | 2 | 0 | 13 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | продавање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | вежбање на справи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | спортување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 4 |
| | набљудување | 0 | 0 | 15 | 18 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| | чекање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | користење мобилен | 1 | 4 | 4 | 3 | 0 | 4 | 1 | 0 |
| | работа на компјутер | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | играње | 0 | 0 | 1 | 4 | 5 | 0 | 2 | 3 |
| | разговор | 4 | 15 | 19 | 13 | 6 | 7 | 5 | 11 |
| | читање и пишување | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | креативна активност | 0 | 0 | 4 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | одморање | 0 | 0 | 15 | 6 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| Групирање | сам | 3 | 2 | 1 | 3 | 6 | 9 | 5 | 1 |
| | во пар: дете-дете | 0 | 0 | 2 | 2 | 2 | 2 | 0 | 0 |
| | дете-негувател | 2 | 0 | 4 | 2 | 2 | 0 | 4 | 5 |
| | возрасен-асистент | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | возрасен-возрасен | 2 | 10 | 8 | 10 | 4 | 4 | 6 | 0 |
| | група: деца | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 5 | 4 |
| | тинејџери | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | возрасни | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| | мешани | 0 | 5 | 0 | 3 | 6 | 0 | 0 | 6 |

## ЗАКЛУЧОЦИ ОД ТЕМАТСКИТЕ ПРАШАЛНИЦИ

Збирот информации создаден преку тематскиот прашалник конечно претставува мешавина од различни просторни индикатори за различни размери на јавните отворени простори. Овие индикатори посредно отсликуваат одредени аспекти кои беа од интерес на ова истражување како што се пристапноста, комфорот, безбедноста, опременоста и озеленетоста на шесте набљудувани простори. Освен тоа, тие директно се однесуваат на материјализацијата на јавните површини и нивното блиско опкружување и идентификуваат некои од критичните елементи на оваа социјална инфраструктура.

Тематскиот прашалник во однос на првата тема која е испитувана – пристапноста, открива предизвици во отвореноста на овие простори кон разни групи корисници.




Истото се чита преку предизвиците со кои се соочуваат пешаците при пристапување на овие простори и при движењето во рамките на истите (во повеќе од 50% од случаите), недостапноста на паркинзи за велосипеди (во 50% од случаите), наспроти достапноста на паркинзи за автомобили (во над 80% од случаите) и сл.

Дали во непосредна близина на јавниот простор има паркинг за велосипеди (доколку да, означи го/ја соодветно на скицата)?

6 одговори




Дали во непосредна близина на јавниот простор има паркинг за автомобили (доколку да, означи го/ја соодветно на скицата)?

6 одговори




Овие забележувања дополнително се потврдуваат со информации од анкетата за стационарната активност, односно со отсуството на одредени активности како што се читање, пишување, работа на компјутер и сл., со отсуството на лица со хендикеп, со доминантно присуство само на една група корисници (негувател-дете и сл.) и покрај полифункционалноста на просторите итн. **И покрај забележаната тенденција за промовирање на инклузивни отворени простори, пристапноста не се применува во просторот од кој се пристапува кон овие инклузивни тематски површини, но и не се унапредува состојбата во веќе оформените јавни простори**. Дополнително треба да се забележи и тоа дека постои тенденција пристапноста да се унапредува само кај една категорија – детските игралишта, додека останатите категории се одминати од овие активности.

Дали јавниот простор е означен како инклузивен?

6 одговори




Дали пристапот од непосредната околина до јавниот простор е со континуирани нивелети, поволни за лица со хендикеп и родители со детски колички?

6 одговори




Комфорноста во отворените јавни простори може да се дефинира како задоволителна, барем во случаите кои беа испитувани. Сепак, квалитативно и квантитативно, одредени аспекти не се застапени на исто ниво во различните простори. Кај комфорот очигледно е дека значителна улога имаат повеќе фактори како што се: позицијата на јавните простори, времето на настанување на контекстот на овие простори, морфологијата на изградениот простор и сл. Така, за јавните простори кои се интерполирани во внатрешните простори на веќе оформени станбени блокови (сквер и детско игралиште „Нерези“ или детското и спортско игралиште „Славка Недиќ“) комфорот бележи повисок квалитет во однос на обезбеденото засенчување, но и звучното загадување на овие простори.

Дали јавниот простор располага со засенувачи (доколку да, означи ја соодветно на скицата)?

6 одговори




Определете го нивото на бучавата во следните временски периоди




Наспроти нив, кај случаите позиционирани на рабовите на веќе постојни станбени блокови (инклузивното детско игралиште - Веро Тафталиџе) или, пак, во внатрешноста на новоизградени (Урбан парк покрај ул. „Пандил Шишков“), чувството на комфор е нарушено од повеќе фактори меѓу кои силно фреквентни сообраќајници, близината на паркинзи за автомобили, отсуството на високо зеленило, близината на станбените објекти и сл. Еден значаен фактор за комфорноста при престој во отворените јавни простори – јавните чешми, е отсутен во речиси сите случаи и значително го намалува квалитетот на престојот во нив.

Повеќе фактори придонесуваат за чувството на безбедност на еден простор. Кај набљудуваните простори тематскиот прашалник детектира планерски и проектантски постапки кои придонесуваат за безбедноста во рамките на отворените јавни простори, но и состојби кои придонесуваат за намалена безбедност на корисниците. Од позитивните планерски постапки може да се издвојат позиционирањето на овие простори во внатрешноста на станбените блокови што создава безбедна средина, особено за најмладата група корисници – децата (како што се скверот и детско игралиште „Нерези“, детското и спортско игралиште „Славка Недиќ“, Урбан парк покрај ул. „Пандил Шишков“), а сигурност за нивните родители, додека од проектантските – третманот и материјализацијата на различните површини во согласност со функцијата и издвојувањето на детските игралишта со зелени заштитни појаси со ниско или средно зеленило.

Дали обработката на површините наменети за движење на корисниците е (избери ги оние квалитети кои соодветствуваат за конкретниот)?

6 одговори




Спротивната планерска постапка, пак, – поставувањето на јавните отворени простори на рабовите на станбените населби, односно покрај главните сообраќајни правци, создава сериозен предизвик во функционирањето на разгледуваните простори (зелен сквер „Марче паркче“, инклузивното детско игралиште - Веро Тафталиџе). Кај нив предизвик е да се контролира движењето на децата и нужно бара оградување на просторите, изискува обезбедување

на овие простори од можни продори од сообраќајниците, неопходно е да се обезбеди природен филтер за отпадните материи произведени на сообраќајниците, но и за звучното загадување итн.

Дали јавниот простор е лоциран до високофреквентна сообраќајница (доколку да, означи ја соодветно на скицата)?

6 одговори




Од друга страна, издвојувањето на функциите со физички бариери што од различни причини е сѐ почеста проектантска практика (ниско грмушесто зеленило, ниски и високи метални огради), има двоен ефект – зголемување на безбедноста за околните минувачи кај спортските игралишта, обезбедување на децата под пет години од разни упади од непосредната околина и обратно, но истовремено отежнување на пристапноста до различните функции, временски контролирано користење на просторот, сегрегација на корисниците итн.

Кон темата безбедност се надоврзува и опременоста на јавните отворени простори, квалитетот на опремата поставена во овие простори како и нејзината состојба. Од забележаното, со прашалникот може да се заклучи дека во 50% од разгледуваните случаи опремата е во неисправна состојба, иако се работи за новоформирани простори (не постари од 5 години), додека кај дел од опремата за спортување и играње има опасност од повреда при користење и сл.

Дали сите елементи од урбанана опрема се во функција?

6 одговори




Но, значајно е да се издвои и отсуството на есенцијални елементи за противпожарна заштита, кутии за прва помош, простори за мајки и деца, јавни тоалети, чешми итн.




За безбедноста секако придонесува соодветното осветлување на овие простори во вечерните часови. Парцијалната покриеност со елементи за осветлување, но и неисправноста на дел од опремата за осветлување, забележано кај дел од разгледуваните простори, придонесува

за намаленото чувство на безбедност, но и за појава на разни девијантни активности кои резултираат со дополнителна деградација на самите простори и нивната опрема.

Дали јавниот простор е осветлен навечер (означи ги изворите на светлина соодветно на скицата)?

6 одговори




Кај повеќето од шесте разгледувани случаи се забележува присуство на парковско зеленило воспоставено пред внесувањето на новите содржини (како на пример, сквер и детско игралиште „Нерези“, детското и спортско игралиште „Славка Недиќ“). Дел од новооформените простори се внесени во површини планирани како заштитно зеленило на главните сообраќајни правци во населбите (зелен сквер „Марче паркче“) што создава бројни конфликтни ситуации. Кај дел од разгледуваните простори (Урбан парк покрај ул. „Пандил Шишков“), забележаниот недостиг на зеленило е причина за намален комфор, зголемена врева создадена при користењето на просторот и сл. Таму каде што пред формирањето на новиот јавен простор било воспоставено високо зеленило, новите функции се подредени на парковската функција, иако во парковите често не се дефинирани патеки за движење и истите не се соодветно опремени со одморалишта и светлечки елементи. Генералниот впечаток е дека површините под зеленило се задоволително одржани, иако хигиената во овие простори е на исклучително ниско ниво со оглед на отсуството или деградираната опрема за одлагање отпадоци, како и поради отсуството на институционална контрола.

# Заклучни белешки и препораки

1. **Активацискиот потенцијал на отворените јавни простори** во станбените населби се потврдува преку вкрстената анализа на податоците од спроведената анкета за стационарните активности и тематскиот прашалник. Очигледно е, а со истражувањето поткрепено, дека отворените јавни простори го мотивираат раздвижувањето на граѓаните надвор од нивното живеалиште во непосредниот отворен простор и ја поттикнуваат социјалната кохезија во соседствата. Притоа, може да се забележи дека бројот на корисниците, присуството на одредени возрасни групи, како и зачестеноста на одредени активности се директна функција на содржината на овие простори, нивната материјална состојба, нивната пристапност и нивниот непосреден контекст.

2. **Непостоењето на системски пристап во поглед на именување и категоризирање на јавните отворени простори** се јавува како значаен недостаток евидентиран во комуникацијата на општините и градот со јавноста. Оваа појава се должи на различни причини, меѓу кои: отсуство на внатрешна и меѓуопштинска комуникација, отсуство на законски воспоставена јасна планерска терминологија која ќе ги означи и ќе ги дефинира појавите кои се во релација со проблематиката на јавните простори, а поконкретно јавните отворени простори итн.

3. **Конкурс за уредување на јавните простори** не е нова ниту непозната практика. Напротив, во минатото била често применувана за територијата на градот Скопје. Истражувањето покажува дека таа практика денес или воопшто не постои, или, пак, се јавува само во исклучителни случаи. Конкурсите кои биле распишани

во две од разгледаните општини биле за избор на идејни решенија, но во ниту една општина не е распишан анкетен конкурс во согласност со кој би се изработила програмата за предвидените јавни простори.

4. **Планирањето и проектирањето на јавните отворени простори е често стихијно, непредвидливо и не ги следи потребите кои произлегуваат од станбената изградба, а конечно и од современиот начин на живот**. Може да се претпостави дека отворениот јавен простор се планира и се проектира во согласност со програми подготвени од самите општини и често со ограничено учество на надворешни претставници од архитектонската фела, невладини организации или, пак, локалното население. Планирањето и проектирањето на јавните простори е несензитивно кон повеќе групи корисници, а особено кон најчестиот пар мајка-дете. Во просторите недостасуваат основни утилитарни елементи, како што се чешми, јавни тоалети, простори за преоблекување, итн.

5. **Планирањето и проектирањето на овие простори е поистоветено со процес на јавна набавка** чиј конечен производ не е предмет на широка дискусија меѓу сите засегнати страни. Овие состојби резултираат со:

- Ограничен број на категории на отворени простори (пешачките улици, плоштадите, едукативните катчиња, утилитарните површини итн. се присутни во незавиден број)
- Отсуство на иновација и унапредување кај јавните отворени простори
- Лимитираност на модусите за едукација на најмладата популација преку отворените јавни простори
- Краток циклус на употреба на опремата во овие простори
- Ограничени процеси на социјална кохезија и повторливост кај групите корисници, без можност за отстапки, приспособливост и отвореност кон нови кориснички обрасци итн.
- Генеричко опремување на просторот кое не произлегува од конкретни потреби

6. **Формирањето и инкорпорирањето на интердисциплинарни тимови во процесот на програмирање, планирање, проектирање и изградба на овие простори и соработката меѓу надлежните институции може да биде добра основа за значително унапредување на состојбата со јавните отворени простори** – еден од најзначајните аспекти од живеењето во урбаните средини. Овие тимови би можеле полесно да ги идентификуваат предизвиците при:

- димензионирањето на овие простори – следење на трендовите на градба и почитување на стандардите за планирање и проектирање на јавни отворени простори,
- позиционирањето на овие простори – елиминирање на практиката за пренамена на несоодветни површини, како што се одредени наменски зони (заштитно зеленило, парк и сл.), во категории на простори кои би го надополниле домувањето во рамките на станбените блокови итн.
- интеграцијата на јавните отворени простори во единствен систем на јавни простори на ниво на соседството и на ниво на градот

# 6. Прашалник

## Лична карта
### со општи податоци

Назив на јавен простор:

Улица/Населено место:

Општина:

КП:

Координати:

Површина:

Година на изведба:

Буџет:

Скица

**Определете го јавниот простор според категоријата/категориите кои се среќаваат:**

- ▫ Сквер
- ▫ Детско игралиште
- ▫ Спортско игралиште
- ▫ Одморалиште (летниковец)
- ▫ Парк
- ▫ Парк за миленици
- ▫ Пешачка улица
- ▫ Друго (наведи)

Образец 1

**Инвеститор/-и:**

- ◽ Град Скопје
- ◽ Општина
- ◽ Донација
- ◽ Приватен инвеститор (наведи)

______________________________

**Надлежност за одржување:**

- ◽ Град Скопје
- ◽ Општина ____________________
- ◽ Друго (наведи)

______________________________

**Начин на спроведување на постапката за избор на идејно решение:**

- ◽ Конкурс за избор на идејно решение
- ◽ Јавна набавка
- ◽ Донација
- ◽ Друго (наведи)

______________________________

* Овој образец се дополнува со 2-3 фотографии од јавниот простор.

# Пристапност

Назив на јавен простор: ____________________

Улица/Населено место: ____________________

Скица

1. **Дали јавниот простор е означен како инклузивен?**
   - ◽ Да
   - ◽ Не
   - ◽ Друго (образложи) ____________________

2. **Дали пристапот од непосредната околина до јавниот простор е со континуирани нивелети, поволни за лица со помагала за движење и родители со детски колички?**
   - ◽ Да
   - ◽ Не
   - ◽ Друго (образложи) ____________________

3. **Дали пристапот до содржините на јавниот простор е со континуирани нивелети, поволни за лица со помагала за движење и родители со детски колички?**
   - ◽ Да
   - ◽ Не
   - ◽ Друго (образложи) ____________________

4. **Дали обработката на површините наменети за движење на корисниците на просторот во рамките на истиот е:**

- ▫ Континуирана нивелета без случајни денивелации
- ▫ Континуирана нивелета со наклони до 3%
- ▫ Обработка/материјализација која овозможува лесно и непречено движење
- ▫ Дополнета со физички бариери кај различните функции / ограда, зеленило, и сл.
- ▫ Друго (образложи) ______________________

5. **Образложете ги сите горенаведени опции во контекст на разгледуваниот простор (нивелета, материјализација, колорит, физички бариери).**

6. **Дали во непосредна близина (од околу 100м) на јавниот простор има автобуска постојка (доколку да, означи ја соодветно на скицата)?**

- ▫ Да
- ▫ Не

7. **Дали во непосредна близина на јавниот простор има паркинг за велосипеди (доколку да, означи го соодветно на скицата)?**

- ▫ Да
- ▫ Не
- ▫ Друго (образложи) ______________________

8. **Дали во непосредна близина на јавниот простор има паркинг за автомобили (доколку да, означи го соодветно на скицата)?**

- ▫ Да
- ▫ Не
- ▫ Друго (образложи) ______________________

9. **Дали користењето на просторот е ограничено во одреден дел од денот?**

- ▫ Да
- ▫ Не
- ▫ Друго (образложи) ______________________

* Овој образец се дополнува со 2-3 фотографии, како дополнување на одговорот на секое од прашањата.

# Комфор

Назив на јавен простор: ______________________

Улица/Населено место: ______________________

Скица

1. **Оценете го нивото на бучава во следните временски периоди**

**од 11 до 13 часот**

- ▫ Ниско
- ▫ Средно
- ▫ Високо

**од 19 до 21 часот**

- ▫ Ниско
- ▫ Средно
- ▫ Високо

2. **Доколку е регистрирано високо ниво на бучава во просторот, наведете го изворот на бучава (џагор, сообраќај, друго, и сл.), соодветно на времето на посета. Дополнително, означи го изворот на бучава и на скицата.**

3. **Дали постојат физички елементи во просторот кои имаат својство на регулатори на бучава?**

- ▫ Да
- ▫ Не

4. Доколку да, за каков вид на регулатори станува збор?

5. Оценете го нивото на одржуваност на просторот (пр. искосена трева, исчистен отпад, лисја и сл.)?

- ▫ Ниско
- ▫ Средно
- ▫ Високо

6. Дали јавниот простор располага со засенчувачи? Доколку да, означи ги соодветно на скицата.

| Природни | Вештачки |
|---|---|
| ▫ Да | ▫ Да |
| ▫ Не | ▫ Не |

7. Ако да, во кој дел од денот е просторот засенчен?

- ▫ пред 12 часот
- ▫ помеѓу 12 и 17 часот
- ▫ по 17 часот

* Овој образец се дополнува со 2-3 фотографии, како дополнување на одговорот на секое од прашањата.

# Безбедност

Назив на јавен простор: ____________________

Улица/Населено место: ____________________

Скица

1. Дали јавниот простор е лоциран до високофреквентна сообраќајница (доколку да, означи ја соодветно на скицата)?

- ▫ Да
- ▫ Не

2. Доколку јавниот простор со наоѓа во близина или граничи со каква било сообраќајница, наведете дали постои бариера помеѓу двете?

- ▫ Да
- ▫ Не

3. Дали различните функции во рамки на јавниот простор се издвоени една од друга и на каков начин (да се прикаже соодветно на мапа)?

- ▫ Да
- ▫ Не

4. **Доколку постои бариера помеѓу јавниот простор и останатата содржина, наведете за каков тип на бариера станува збор?**

- ¤ Бетонски парапет
- ¤ Мрежа
- ¤ Ниска ограда (<45cm)
- ¤ Висока ограда (>45cm)
- ¤ Нискостеблесто зеленило
- ¤ Високо зеленило (дрворед)

5. **Дали јавниот простор е доволно осветлен навечер (означи ги изворите на светлина соодветно на скицата)?**

- ¤ Да
- ¤ Не
- ¤ Друго (образложи) ______________________

6. **Дали јавниот простор обезбедува непречени визури до непосредното опкружување (објекти)? Доколку има бариери, означи ги соодветно на скицата.**

- ¤ Да
- ¤ Не
- ¤ Друго (образложи) ______________________

7. **Дали елементите од урбаната опрема се дизајнирани на начин на кој спречуваат сопнување, несакани повреди и сл.?**

- ¤ Да
- ¤ Не
- ¤ Друго (образложи) ______________________

8. **Дали обработката на површините наменети за движење на корисниците е (избери ги оние квалитети кои соодветствуваат на конкретниот простор):**

- ¤ со континуирана нивелета без случајни денивелации
- ¤ обработката овозможува лесно и непречено движење
- ¤ има мека подлога на која се поставени реквизити за деца

* Овој образец се дополнува со 2-3 фотографии, како дополнување на одговорот на секое од прашањата.

# Урбана опрема

**Назив на јавен простор:** ______________________

**Улица/Населено место:** ______________________

Скица

1. **Означете која од долунаведената урбана опрема ја има во рамки на јавниот простор кој е предмет на анализа. Да се означи секој тип на урбана опрема на скицата, соодветно.**

- ¤ Извор на вештачка светлина (светилки, канделабри, и сл.)
- ¤ Корпи за отпадоци
- ¤ Клупи за седење
- ¤ Детски реквизити*
- ¤ Реквизити за вежбање
- ¤ ПП апарат
- ¤ Ормарче за прва помош
- ¤ Чешма со питка вода
- ¤ Јавен тоалет
- ¤ Штанд/Наменски за пресоблекување на деца или бебиња
- ¤ Друго (наведи) ______________________

2. **Означете ја состојбата на секој од елементите на урбана опрема затекнати на јавниот простор.**

**Извори на вештачка светлина (светилки, канделабри, и сл.)**
▫ Добра ▫ Средна ▫ Лоша

**Корпи за отпадоци**
▫ Добра ▫ Средна ▫ Лоша

**Клупи за седење**
▫ Добра ▫ Средна ▫ Лоша

**Детски реквизити**
▫ Добра ▫ Средна ▫ Лоша

**Реквизити за вежбање**
▫ Добра ▫ Средна ▫ Лоша

**ПП апарат**
▫ Добра ▫ Средна ▫ Лоша

**Ормарче за прва помош**
▫ Добра ▫ Средна ▫ Лоша

**Чешма со питка вода**
▫ Добра ▫ Средна ▫ Лоша

**Јавен тоалет**
▫ Добра ▫ Средна ▫ Лоша

**Штанд/Наменски простор за пресоблекување деца или бебиња**
▫ Добра ▫ Средна ▫ Лоша

3. **Означете кои од долунаведените детски реквизити* ги има во рамки на јавниот простор кој е предмет на анализа. Да се означи секој тип на детски реквизит на скицата и да се забележи и нивната состојба (добра, средна, лоша).**

▫ Лизгалка

▫ Клацкалка

▫ Вртелешка

▫ Лулашка

▫ Скали

▫ Куќарка

▫ Елемент за рамнотежа

▫ Елементи за качување/висење

▫ Друго (наведи) ____________________

* Овој образец се дополнува со 2-3 фотографии, како дополнување на одговорот на секое од прашањата.

# Зеленило

**Назив на јавен простор:** ____________________

**Улица/Населено место:** ____________________

Скица

1. **Дали во рамки на јавниот простор има високостеблесто зеленило (доколку да, означи ги позициите соодветно на скицата)?**

▫ Да

▫ Не

2. **Дали во рамки на јавниот простор има нискостеблесто зеленило (доколку да, означи ги позициите соодветно на скицата)?**

▫ Да

▫ Не

3. **Дали во рамки на јавниот простор има тревни површини (доколку да, означи ги површините соодветно на скицата)**

▫ Да

▫ Не

# Образец 6

**4. Дали во рамки на јавниот простор има саксиско зеленило (доколку да, означи ги позициите соодветно на скицата)?**

▫ Да

▫ Не

**5. Колкава е застапеноста на зеленилото во рамки на јавниот простор (овде не спаѓа саксиското зеленило)?**

▫ отсуствува зеленило

▫ умерено зеленило

▫ изобилува со зеленило

**6. Во каква состојба се зелените површини/зеленилото?**

▫ Добра ▫ Средна ▫ Лоша

**7. Дали јавниот простор нуди „зелени“ визури за посетителите?**

▫ Да

▫ Не

▫ Друго (образложи) ______________________________

* Овој образец се дополнува со 2-3 фотографии, како дополнување на одговорот на секое од прашањата.

# Образец 7 Мапирање на стационарната активност

**Локација:**
**Ден:**
**Време:**

| | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол | машки | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | женски | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Возраст | бебе | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | дете до 5 години | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | лице 6-15 години | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | лице 16-24 години | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | лице 25-64 години | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | лице 64+ години | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Позиција | стоење | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | седење - на јавен реквизит | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | седење - на приватен реквизит | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | седење - неформално | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | лежење - клупа | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | лежење - тревник | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | движење - наоколу | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Активност | мирување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | движење | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | само минување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | грижа за деца | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | со миленици | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | јадење / пиење | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | продавање | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | вежбање на справи | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | спортување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | набљудување/сеир | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | чекање | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | продавање | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | користење мобилен | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | работа на компјутер | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | играње | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | разговор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | читање и пишување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | креативна активност | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | одмарање | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Групирање | сам | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | во пар | дете-дете | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | дете-негувател | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | возрасен-асистент | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | возрасен-возрасен | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | група | деца | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | тинејџери | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | возрасни | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | мешани | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## Образец 7 **Мапирање на стационарната активност**

**Локација:**
**Ден:**
**Време:**

| | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пол** | машки | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | женски | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Возраст** | бебе | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | дете до 5 години | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | лице 6-15 години | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | лице 16-24 години | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | лице 25-64 години | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | лице 64+ години | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Позиција** | стоење | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | седење - на јавен реквизит | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | седење - на приватен реквизит | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | седење - неформално | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | лежење - клупа | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | лежење - тревник | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | движење - наоколу | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Активност** | мирување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | движење | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | само минување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | грижа за деца | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | со миленици | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | јадење / пиење | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | продавање | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | вежбање на справи | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | спортување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | набљудување/сеир | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | чекање | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | продавање | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | користење мобилен | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | работа на компјутер | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | играње | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | разговор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | читање и пишување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | креативна активност | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | одмарање | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Групирање** | сам | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | во пар | дете-дете | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | дете-негувател | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | возрасен-асистент | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | возрасен-возрасен | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | група | деца | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | тинејџери | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | возрасни | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | мешани | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## белешки

## белешки

**Милка Докузова** е архитектка и соосновачка на Граѓанската организација за унапредување на инклузивноста во градовите и градските простори ХУМАНИ ГРАДОВИ Скопје. Работи како проектна координаторка и истражувачка на теми од областа на урбанистичкото планирање, со посебен фокус на партиципативното планирање и политиките за планирање и уредување на јавните простори.

**Ана Рафаиловска** е архитектка. Работи како асистентка на Институтот за урбанизам при Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Докторанд е на матичниот факултет, а научните области кои ги истражува се урбанистичкото планирање и обликување, со особено внимание на јавните простори во станбените населби.

**Павел Вељаноски** е асистент на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот „Американ колеџ Скопје" и докторанд е на Институтот за географија при Природно-математички факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со главни области на научен интерес: урбанистичко планирање, регионален развој и ГИС анализа на податоци. Како архитект работи во Проектантското биро к87а од Скопје.

**Автори на публикацијата**

Милка Докузова
Ана Рафаиловска
Павел Вељаноски

**Соработници**

Бојана Вучковиќ
Теодора Илиевска
Александар Јанески
Сара Ничота
Зорица Ставрова

**Јазична редакција и коректура**

Драгана Велковска

**Дизајн на публикацијата**

Владимир Трајановски

Публикацијата е создадена во рамки на проектот **Communities for Sustainability II · Заедници за одржливост II** спроведуван од Здружение за заштита на животните и животната средина „ЕДЕН“ и Граѓанска иницијатива Охрид SOS

Издавањето на публикацијата е поддржано од Фондацијата Хајнрих Бел

Ставовите и мислењата изразени во публикацијата се на авторите и нужно не ги одразуваат официјалните позиции на Фондацијата

HEINRICH BÖLL STIFTUNG
SARAJEVO
Bosnia and Herzegovina | North Macedonia

ЕДЕН Здружение за заштита на животните и животната средина

OHRID SOS

CIP - Каталогизација во публикација Национална и униврзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

712.25:728(497.711)"2018/2023"(047.31)

ДОКУЗОВА, Милка
Алатки за евалуација на јавни простори : Преглед на јавни простори и студии на случај : Скопје (2018-2023) / Милка Докузова, Ана Рафаиловска и Павел Вељаноски ; илустратор Владимир Трајановски. - Скопје : Здружение за заштита на животните и животната средина ЕДНАКВОСТ ДОСТОИНСТВО ЕМПАТИЈА НАТУРАЛИЗАМ (Е.Д.Е.Н.), 2023. - 140 стр. : илустр. ; [6. ф.]

Фусноти кон текстот. - Публикацијата е создадена во рамки на проектот Communities for sustainability II - Заедници за одрживост II спроведуван од здружение за заштита на животните и животната средина „ЕДЕН“ и граѓанската иницијатива Охрид SOS. - Финансиер: Издавањето на публикацијата е подржано од фондацијата Хајнрих Бел

ISBN 978-608-66157-6-5

1. Рафаиловска, Ана [автор] 2. Вељаноски, Павел [автор]

а) Јавни отворени простори -- Стамбени населби -- Скопје -- 2018-2023 -- Истражувања

COBISS.MK-ID 62611461

ISBN 978-608-66157-6-5

При истражувачкиот процес се аплицирани веќе востановени алатки за евалуација на јавни отворени простори кои се приспособени на конкретни студии на случај од градот Скопје. Опфатени се активностите на десетте општини во градот, со фокус на обезбедувањето и управувањето со отворените јавни простори. Истражувањето дава преглед на сите јавни отворени простори кои биле вклучени во активностите на анализираните општини во последните пет години. Од добиените податоци е утврдено дека во периодот од 2018 до 2023 година, 61% од документираните јавни отворени простори сметани за нови, всушност настанале со реконструкција на веќе постоечки, додека само 39% се новооформени.

HEINRICH BÖLL STIFTUNG
SARAJEVO
Bosnia and Herzegovina | North Macedonia

ЕДЕН
Здружение за заштита на животните и животната средина

OHRID SOS